**Охрид градот на нашите просветители**

Еј, Охриде мој сакан и мил,
ти најубав и најдраг на светот си бил,
твоите сини бистри езерски води бранат
и со твојата блескава убавина во спокој нè мамат.

Езерото сино со цел свет братски дружби води
за ново искрено пријателство во Охрид да се роди,
има денови кога силно бучи,
а ние знаеме дека сака нешто ново да нè учи.

Во твоите божествени убавини и Свети Климент се роди,
кој и денес низ писменост нè води,
гордо и непрестано учејќи од своите солунски браќа
не научи на писменост која верата од срце ја праќа.

Славно е името твое
кое е поткрепа за словото мое,
со светителски ореол се прослави патронот
со благословен глас,
благодариме од срце просветителу наш!